СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата

Четврток, 30 јули 1959
Скопје
Број 25 Год. XV

Претплатата за 1959 год. изнесува 1.500 дин. Овој број чини 64 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

110.

На основа член 52 од Законот за државната управа („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 13/56 година), Извршниот совет донесува

УРЕДБА
ЗА ОСНОВАЊЕ РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА ЗА ПРЕГЛЕД НА ФИЛМОВИ

Член 1

Се основа Републичка комисија за преглед на филмови (во понатамошен текст Комисија) како управен орган за вршење одредени управни работи од надлежност на Советот за култура на НРМ во областа на филмот.

Член 2

Во својот делокруг Комисијата особено:

врши преглед и дава одобрение за јавно прикажување на домашни документарни, уметнички и рекламни филмови произведени на територијата на НРМ, како и на тие што ги снимаат установи и организации за свои потреби доколку се прикажуваат пред јавноста;

врши проверување дали увезените филмови и филмовите произведени во копродукција имаат одобрение од Сојузната комисија за преглед на филмови;

го забранува извозот на филмови за кои дава одобрение за јавно прикажување;

го забранува јавното прикажување на филмови во случаите предвидени со член 7 од Законот за филмот, како и на увезените и произведените во копродукција филмови што немаат одобрение за прикажување од Сојузната комисија за преглед на филмови.

Член 3

Надзор над законитоста на работата на Комисијата врши Советот за култура на НРМ.

Член 4

Државните органи, установи, стопански и други организации се должни на Комисијата, на нејзиното барање да и' даваат податоци со кои располагаат по прашања од областа на филмот, а кои на Комисијата и' се потребни за вршење работи од нејзиниот делокруг.

Член 5

Комисијата се состои од 11 членови кои ги именува Извршниот совет.

Член 6

Комисијата има Деловник за својата работа.

Деловникот го донесува Комисијата а го потврдува Советот за култура на НРМ.

Член 7

Комисијата ги врши работите од својот делокруг на седница.

По исклучок од претходниот став кога решава за давање одобрение за јавно прикажување на филмови, Комисијата заседава во совет составен од 5 членови на Комисијата.

Член 8

Административното и стручното работење на Комисијата го обезбедува Секретаријатот на Советот за култура на НРМ.

Член 9

Буџетските средства за работа на Комисијата се обезбедуваат во претсметката на Советот за култура на НРМ.

Член 10

Секретарот на Советот за култура на НРМ по потреба ќе донесе упатство за спроведувањето на оваа уредба.

Член 11

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Бр. 09—1049/1
2 јули 1959 година
Скопје

Извршен совет

Секретар,
Трајче Грујоски, с. р.

Претседател,
Љупчо Арсов, с. р.

111.

На основа член 15б став 3 од Уредбата за фондовите за кадрови во стопанството („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 13/57, 54/57, 52/58 и 17/59), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА РАСПОДЕЛБА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА КАДРОВИ ВО СТОПАНСТВОТО ШТО ГО ПЛАЌААТ СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРИВАТНИТЕ ДУЌАНИ

I.

Од придонесот за кадрови во стопанството што го плаќаат стопанските организации и приватните дуќани, освен придонесот што го плаќаат претпријатијата од чл. 17 на Уредбата за фондовите за кадрови во стопанството („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 13/57), а по одбивањето делот што му припаѓа на Сојузниот фонд за кадрови во стопанството, се врши расподелување и тоа:

а) на Републичкиот фонд за кадрови во стопанството му припаѓа 30%

б) на околиските фондови за кадрови во стопанството им припаѓа 20%

в) на стопанските организации, коморите односно стручните здруженија им се отстапува 40%

II.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на НРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1959 година.

Бр. 09—1171/1
2 јули 1959 година
Скопје

Извршен совет

Секретар, **Трајче Грујоски**, с. р.

Претседател, **Љупчо Арсов**, с. р.

112.

На основа член 30 став 3 од Уредбата за организацијата и работењето на Извршниот совет, Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ПОДИГНУВАЊЕ СПОМЕНИЦИ НА БОРЦИТЕ НА НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА ВО СКОПЈЕ, БИТОЛА, ШТИП И ТИТОВ ВЕЛЕС

I.

Да се подигнат споменици на борците од Народно-ослободителната борба во Скопје, Битола, Штип и Титов Велес.

Извршниот совет, по предлог од Советот за култура на Народна Република Македонија, дополнително ќе го одреди видот на спомениците од претходниот став.

II.

Извршувањето на оваа одлука му се возложува на Советот за култура на Народна Република Македонија.

III.

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09—1087/3
2 јули 1959 година
Скопје

Извршен совет

Секретар, **Трајче Грујоски**, с. р.

Претседател, **Љупчо Арсов**, с. р.

113.

На основа член 81 став 1 од Законот за државната управа („Службен лист на ФНРЈ" бр. 13/56), во врска со член 3 од Законот за органите на управата во Народна Република Македонија („Службен весник на НРМ" бр. 14/56), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА СВОЈАТА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА ДА ЈА УТВРДИ СО ПРАВИЛНИК

1. Се овластува Републичкиот завод за физичка култура својата внатрешна организација да ја утврди со правилник за внатрешна организација во согласност со Извршниот совет.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09—1270/1
2 јули 1959 година
Скопје

Извршен совет

Секретар, **Трајче Грујоски**, с. р.

Претседател, **Љупчо Арсов**, с. р.

114.

На основа член 119 став 1 и 3 од Општиот закон за школството, по предлог на Народниот одбор на Скопска околија број 16788/1 од 23-X-1958 год. и по прибаденото мислење на училишниот одбор на Училиштето за ученици во стопанството „Крсте Мисирков" во Скопје, Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА УКИНУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕНИЦИ ВО СТОПАНСТВОТО „КРСТЕ МИСИРКОВ" ВО СКОПЈЕ

1. Се укинува Училиштето за ученици во стопанството „Крсте Мисирков" во Скопје.

2. Учениците од ова училиште ќе го продолжат своето понатамошно школување во Училиштето за ученици во стопанството „Димитар Влахов" во Скопје.

3. Општонародниот имот со кој управувало ова училиште се дава на управување на Училиштето за ученици во стопанството „Димитар Влахов" во Скопје. На ова Училиште му се предава и целокупната архива на укинатото училиште.

4. Органот надлежен за назначување на наставниот и другиот персонал на укинатото училиште ќе одлучи за распоредувањето на персоналот од ова училиште на нова должност и за начинот и рокот на примопредавањето.

5. Ова решение влегува во сила веднаш.

Бр. 09—264/3
2 јули 1959 година
Скопје

Извршен совет

Секретар, **Трајче Грујоски**, с. р.

Претседател, **Љупчо Арсов**, с. р.

115.

На основа член 2, 48 и 49 од Основната уредба за установи со самостојно финансирање, Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ОСНОВАЊЕ УПРАВА ЗА ЛОВИШТА

1. Се основа установа со самостојно финансирање под име: Управа за ловишта (во натамошниот текст: Управа).

Седиштето на Управата е во Скопје.

2. Во состав на Управата влегуваат и тоа:

Ловиштето „Дојран", ловиштето и фазанеријата „Катланово", ловиштето „Богословец", како и други ловишта, шуми и риболовни резервати кои ќе ѝ бидат доделени со одделен акт.

3. Задача на Управата е:

— да обезбеди одгледување на постојните ретки видови дивеч и според потребите да внесе нови;

— да одгледува квалитетен заштитен дивеч;

— да ги испитува условите за животот на дивечот и влијанието на средината на нивниот развој;

— да се грижи за организирање на ловот во ловните подрачја од своите ловишта.

4 Управата ги презема сите права и обврски, како и сиот имот со кој управуваат ловиштата од точка 2 на ова решение.

Вредноста на имотот ќе се утврди со попис кој ќе се состави комисиски.

Комисијата од претходниот став ќе ја образува органот надлежен за работите и задачите на Управата.

5. Со Управата управува управен одбор од 7 члена.

Управниот одбор се состои од 2 претставници на работниот колектив на Управата, а останатите членови на одборот ги именува органот надлежен за работите и задачите на Управата.

Директорот на Управата е член на управниот одбор по својот положај.

Управниот одбор се именува на две години.

6. Директорот на Управата го назначува органот надлежен за работите и задачите на Управата во согласност со Извршниот совет.

7. Управата може да ги има следните фондови:

а) фонд за замена и дополнување на основните средства;

б) фонд за наградување на работниците и службениците; и

в) фонд за одгледување на дивечот и племенити видови риби.

8. Државен орган надлежен за работите и задачите на Управата е Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет.

9. Со влегувањето во сила на ова решение престануваат со работа како установи со самостојно финансирање: Ловиштето „Дојран" основано со Решението на Извршниот совет бр. 54 од 8 април 1957 година „(Службен весник на НРМ" бр. 11/57) и ловиштето и фазанерија „Катланово" основано со решението на Владата на Народна Република Македонија со актот бр. 744 од 12-VII-1952 година.

10. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09—1218/1
2 јули 1959 година
Скопје

Извршен совет

Секретар, **Трајче Грујоски**, с. р.

Претседател, **Љупчо Арсов**, с. р.

116.

На основа член 25 став 1 од Законот за електростопанските организации и член 17 од Уредбата за основање на претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ" бр. 51/53) и мнението на Заедницата на југословенското електростопанство, Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОСНОВАЊЕ ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Во решението за основање Претпријатие за пренос на електрична енергија („Службен весник на НРМ" бр. 8/59) во точка 3 по став 1 се додаваат два нови става кои гласат:

„Електричните претпријатија во Скопје, Битола и Штип ќе издвојат и пренесат на Претпријатието и дел од амортизацијата (паричен дел на фондот на основните средства) и фондот за заедничка потрошувачка како и дел од основните средства што служат на ремонтната група на преносот за одржување на далекуводите и трафостаниците.

Средствата од амортизацијата во претходниот став ќе се издвојат и пренесат сразмерно на отпишаниот дел на вредноста на односните средства што се пренесуваат на претпријатието. Паричниот дел на средствата на фондот за заедничка потрошувачка (неангажиран дел) ќе се подели сразмерно со бројот на запослените работници во производството односно преносот на ден 31-XII-1958 година".

Сегашниот став 2 станува став 4.

2. Во точка 6 се додава нов став 2 кој гласи:

„Со денот на отпочнувањето на работата на претпријатието, електричните претпријатија од Скопје, Битола и Штип ќе престанат со дејноста — пренос и трансформација на електричната енергија".

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија" а ќе се применува од 1 јануари 1959 година.

Бр. 09—1188/1
2 јули 1959 година
Скопје

Извршен совет

Секретар, **Трајче Грујоски**, с. р.

Претседател, **Љупчо Арсов**, с. р.

117.

На основа член 48 и 49 од Основната уредба за установите со самостојно финансирање („Службен лист на ФНРЈ" бр. 51/53), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА ДЕТСКИОТ ДОМ ВО ВАЛАНДОВО

1. Детскиот дом во Валандово основан со Уредбата за основањето и работата на Детскиот дом во Валандово („Службен весник на НРМ" бр. 20/52) прогласен за установа со самостојно финансирање со Решение на Извршниот совет ИС бр. 158 од 18-VI-1956 година („Службен весник на НРМ" бр. 18/56) престанува со работа.

2. Побарувањата, обврските и имотот (недвижностите) ќе ги преземе Народниот одбор на општината Валандово, кој ќе ги утврди и реализира побарувањата и долговите.

Извршниот совет ќе ја надокнади евентуалната разлика на високот на расходите над приходите.

3. Штитениците од овој Дом ќе се сместат во Домот за деца на паднати борци во Делчево.

4. Со работниците и службениците ќе се постапи согласно одредбите од Законот за јавните службеници.

5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на НРМ".

Бр. 09—1156/1
2 јули 1959 година
Скопје

Извршен совет

Секретар,
Трајче Грујоски, с. р.

Претседател,
Љупчо Арсов, с. р.

118.

На основа член 8 ст. 3 од Законот за спречување на полските штети („Службен весник на НРМ" бр. 20/57), Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет донесува

УПАТСТВО
ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАВУВАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА ПОЛСКИТЕ ЧУВАРИ

I.

Поставување и наградување на полските чувари ќе се врши според одредбите на член 8 ст. 1 од Законот за спречување на полските штети и ова упатство.

II.

Начинот на поставување и наградување на полските чувари се одредува во зависност од тоа кои полски чувари се во прашање.

Според природата на работите што има да се обавуваат при непосредна заштита и чување на полските имоти, како и времетраењето на таа заштита, односно чување, полските чувари можат да бидат:

а) постојани полски чувари, чија служба трае во текот на цела календарска година и на кои чуварската служба им е единствено — главно занимање.

б) времени полски чувари, кои покрај своето главно занимање, ја вршат чуварската служба само во текот на сезоната, како споредно занимање.

III.

Примање во служба и на постојани и на времени чувари се врши од страна на месниот одбор, односно за седиштето на народниот одбор на општината, од страна на претседателот на народниот одбор, по заклучок на собирите на избирачите со писмен договор.

Со договор од претходниот став, покрај другото, се одредува:

а) за кое време, на кое подрачје (точен опис) и од кои полски чувари ќе се врши заштита, односно чување на полските имоти;

б) во кој вид, која висина, за кое време и на каков начин ќе се врши исплатување на награда на полскиот чувар;

в) за кое време се склучува писмен договор за примање во служба на полскиот чувар, со клаузула за евентуално продолжување важноста на договорот, а во согласност со заинтересираните страни.

IV.

Наградата на полскиот чувар е, по правило, парична. По исклучок, а во зависност од месните прилики и обичаи, особено за времени чувари, кои работите на заштитата, односно чувањето на полските имоти ги вршат само во текот на сезоната како споредно занимање, наградата може да биде и во натура или комбинирано (во натура и парично). При плаќањето во натура се одредуваат и производите со кои се врши плаќање.

Начинот односно висината на наградата од претходниот став, се утврдуваат на собирите на избирачите.

V.

За заштита и чување на полските имоти, нивните сопственици се задолжуваат да му плаќаат соответен дел од утврдената, односно здоговорената награда на полскиот чувар, кој се одредува по единица површина, зависно од категоријата на земјата (ниви, бавчи, овошни градини, лозја и др.) и културата (жита, фуражни, индустриски и др. производи).

Задолжувањето од претходниот став ќе се врши по списокот кој претставува составен дел на писмениот договор што се склучува помеѓу полскиот чувар и месниот одбор, односно претседателот на народниот одбор, во седиштето на народниот одбор на општината.

VI.

При одредувањето на начинот за наградување на полскиот чувар може да се предвиди и начинот за исплатување на наградата, а која, на пример, би можела да се врши месечно — во една или две рати, ако плаќањето се врши во пари или по прибирање на жетвата, односно плодови, ако плаќањето се врши во натура.

Наплатувањето на наградата полскиот чувар може да го врши или непосредно од самите соп-

ственици на полските имоти по списокот на задолженијата или посредно преку месност одбор кој при прибирањето на разни давачки од сопствениците може да прибира и соодветен дел од одредената награда заради заштита и чување на низните полски имоти. Кои од овие два вида ќе се примени, се утврдува со писмен договор.

VII.

Начин на договарање за наградата, времетрајањето и др. ќе зависи од тоа дали се во прашање постојани или времени полски чувари.

За постојани полски чувари, по правило, наградата се одредува за време од една година, додека за времени чувари наградата се ограничува само за време на сезоната, а која може да трае или од 1 април до 1 ноември на секоја година или друг период, во зависност од временските прилики, односно од културите.

VIII.

Големината на подрачјата на кои полските чувари ќе вршат заштита и чување на полските имоти, ја утврдуваат народните одбори на општините однапред, а во зависност од категоријата на земјата, структурата на посевот и важноста на објектите што треба да се заштитат.

IX.

При приемот во служба на постојаните и времените полски чувари согласно ќе се применуваат и одредбите од член 3 на Законот за работните односи, во врска со одредбите од член 15 ст. 1 од истиот Закон.

X.

Ова упатство влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09—2117/2
27 јуни 1959 година
Скопје

Секретар
за земјоделство и шумарство
на Извршниот совет,
Методие Митевски, с. р.

119.

На основа член 5 ст. 2 од Законот за спречување на полската штета („Службен весник на НРМ" бр. 20/57), Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет донесува

УПАТСТВО
ЗА УСТАНОВУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ВРСКА СО СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОЛСКИТЕ ШТЕТИ

I.

Според одредбите на член 5 ст. 1 од Законот за спречување на полските штети и ова упатство, народните одбори на општините, покрај другото, ги установуваат и следните права и должности на граѓаните:

а) во поглед на користењето на месните пасишта и утрини;

б) во поглед на сезонското преминување преку туѓи полски имоти;

в) во поглед на пасењето на добиток пред и по свршената жетва;

г) во поглед на преземањето на мерки за обезбедување на одделни полски земјишта што се особено загрозени од добиток.

Правата и должностите од претходниот став народните одбори на општините ги одредуваат со одлуки на седниците на кои рамноправно учествуваат обата собора, а по прибавените мненија на советите за земјоделство и шумарство, односно по предлози на собирите за избирачите.

II.

При установувањето на правата и должностите на граѓаните во поглед на користењето на месните пасишта и утрини согласно ќе се применуваат одредбите од Законот за пасиштата и утрините од општонароден имот („Службен весник на НРМ" бр. 19/55), како и прописите што се донесени врз основа на него.

III.

Одлуките во поглед на сезонското преминување преку туѓи полски имоти, а во подрачјата, кои покрај географската и орографската положба претставуваат места каде што мора да се врши премин на луѓе за одење на работа во земјоделски имоти и премин на добиток заради пасење и поење, како и премин од летни во зимски пасишта и обратно, треба да содржат:

а) појас за сезонско преминување со поименично назначување на сопственици (по можност со скица):

б) сезона и рокот кога се позволува преминување преку туѓи полски имоти;

в) можност за премин на возила (запрежни, моторни — трактори и сл.) заради обавување на полски работи;

г) начин на позволување на премин, посебно за луѓе и одделни граѓани, посебно за добиток, возила и др.;

д) определување дали преминот ќе се врши без или со надоместок, висина на надоместокот и како тој ќе се обезбедува и

г) услови за вршење на премин.

IV.

Сезонското преминување преку туѓи полски имоти граѓаните го вршат според пропишаните услови и се одговорни за штетите што при такво преминување и спротивно на пропишаните услови евентуално би ги направиле.

V.

Одлуките во поглед на пасењето на добиток пред и по свршената жетва што ги донесуваат народните одбори на општините поодделно за едно или повеќе населени места, треба да содржат:

а) месности во кои може и рокот кога може да се врши пасење на добиток пред и по свршената жетва;

б) кои граѓани, од кои населени места, во кои месности и на кои култури имаат право да вршат пасење на добиток;

в) услови при кои може да се врши пасење на добиток пред и по свршената жетва.

VI.

При пасењето на добиток и по свршената жетва ќе бидат одговорни сопствениците, односно држателите на добитокот, како за евентуални штети направени за време на напасувањето, така и за неползување на предвидените услови за паша.

VII.

Заради обезбедувањето на одделни земјишта што се особено загрозени од добитокот, народните одбори на општините, по предлози на собирите на избирачите, можат на сопствениците на полските имоти да им наложуваат преземање на потребни мерки за заштита од добитокот.

VIII.

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09—2117/2
27 јуни 1959 година
Скопје

Секретар
за земјоделство и шумарство
на Извршниот совет,
Методие Митевски, с. р.

120.

На основа член 12 ст. 2 од Законот за основање Виша стопанска школа во Скопје („Службен весник на НРМ" бр. 20/58), Советот за просвета на НР Македонија донесува

ОДЛУКА
ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ВОНРЕДНО ШКОЛУВАЊЕ НА ВИШАТА СТОПАНСКА ШКОЛА ВО СКОПЈЕ

1. На Вишата стопанска школа во Скопје се воведува вонредно школување.

2. На вонредното школување од претходната точка сходно се применуваат одредбите од Законот за основање Виша стопанска школа во Скопје и другите прописи што важат за редовното школување во споменатата школа.

3. Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применува од учебната 1959/60 година.

Бр. 01—1347/3
27 јуни 1959 година
Скопје

Претседател
на Советот за просвета на НРМ,
Петар Здравковски, с. р.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за установите за претшколско воспитување, објавен во „Службен весник на НРМ" бр. 23/59, се поткраднала долунаведената грешка, поради што се дава следната

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА УСТАНОВИТЕ ЗА ПРЕТШКОЛСКО ВОСПИТУВАЊЕ

Во членот 20 под в) во вториот ред наместо „член 19" треба да стои „член 18".

Од Народното собрание на Народна Република Македонија, Скопје, 25 јули 1959 година.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за финансирање изградбата на подробната каналска мрежа, објавен во „Службен весник на НРМ" бр. 23/59, се поткраднала долунаведената грешка, поради што се дава следната

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБАТА НА ПОДРОБНАТА КАНАЛСКА МРЕЖА

Во членот 2 став 1 во првиот ред наместо зборот „се" треба да стои зборот „со".

Од Народното собрание на Народна Република Македонија, Скопје, 25-VII-1959 година.

Огласен дел

КОНКУРСИ

КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ТРУД НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

распишува

КОНКУРС

за пополнување на едно РЕФЕРЕНТСКО работно место

Услови: завршен правен факултет.

Приоритет имаат лица со подолг работен стаж.

Основна плата по Законот за јавните службеници, а положајна спрема Одлуката за положајните плати.

Молбите со кратка биографија и комплетирани со документи предвидени со чл. 31 од Законот за јавните службеници, ќе се примаат најдоцна 15 дена по објавувањето на конкурсот. (1480)

КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА НАРОДНИОТ ОДБОР НА КУМАНОВСКА ОКОЛИЈА — КУМАНОВО

распишува

КОНКУРС

за пополнување упразнетото работно место

УПРАВИТЕЛ на Околиската општа болница Куманово

УСЛОВИ:

За завршен медицински факултет, положен испит и најмалку пет години практика, по правило болничка.

Основна плата по Законот за јавните службеници, а положајна по Правилникот за положајните плати на Болницата.

Молбите таксирани со 30 динари таксени марки се поднесуваат до конкурсната комисија.

Кандидатите покрај молбите треба да приложат: биографија, документи по чл. 31 од Законот за јавните службеници и документи за работен стаж.

Рок за доставување на молбите е 15 дена по објавувањето на конкурсот во „Службен весник на НРМ". (1495)

Врз основа на Заклучокот на Советот за просвета, донесен на седницата одржана на 20-VII-1959 година, Секретаријатот за просвета на Народниот одбор на Скопска околија

објавува

ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС

А. За пополнување на упразнетите работни места во просветно-педагошката служба и тоа:

— еден просветен советник по историја
— еден просветен советник по француски јазик
— еден просветен советник за технички школи
— еден просветен советник за медицински школи
— еден просветен советник за претшколски и вонШколски установи
— еден просветен советник за шиптарски и турски наставен јазик во одделенска настава.

УСЛОВИ:

Под точка 1 и 2 завршен филозофски факултет и над 10 години наставна практика. Под точка 3 завршен технички факултет — машински електро отсек и над 10 години служба. Под точка 4 завршен медицински факултет и над 10 години служба. Под точка 5 завршен филозофски факултет и над 10 години практика. Под точка 6 завршена ВПШ или учителска школа со над 10 години служба и положен стручен испит.

Б. Пополнување на упразнетите места на директори на училишта и управители на интернати на подрачјето на Скопска околија:

СО ВИСОКА ИЛИ ВИША ШКОЛСКА СПРЕМА, ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ И 10 ГОДИНИ ПРАКТИКА

— директор на Техничка градежна школа
— директор на Техничка машинска школа
— директор на Трговска школа
— директор на Основно осумгодишно училиште „Даме Груев"
— директор на Основно осумгодишно училиште „Кочо Рацин"
— директор на Основно осумгодишно училиште „Васил Главинов"
— директор на Основно осумгодишно училиште „Тефејуз".

СО ВИСОКА ШКОЛСКА СПРЕМА, ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ И НАД 5 ГОДИНИ СЛУЖБА

— директор на УЗУС „Димитрие Туцовиќ".

СО ВИСОКА, ВИША ИЛИ СРЕДНА СТРУЧНА СПРЕМА, ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ И НАД 10 ГОДИНИ СЛУЖБА

За град

— управник на Интернат на Учителската школа
— управник на Интернат на Индустриската школа.

За село

— директор на Основно училиште с. Студеничани
— директор на Основно училиште с. Зелениково
— директор на Основно училиште с. Петровец
— директор на Основното училиште Колонија

ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА УПРАЗНЕТИТЕ НАСТАВНИЧКИ И УЧИТЕЛСКИ МЕСТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА СКОПСКА ОКОЛИЈА ЗА УЧЕБНАТА 1959—1960 ГОДИНА

А. **Места за кои е потребна висока школска спрема**

1. РАБОТНИЧКИ УНИВЕРЗИТЕТ
   — професор по југословенска книжевност 1
   — професор по општествено економско образование 1
2. ТЕХНИЧКА ШКОЛА
   — градежни инженери 9
   — геодетски инженери 4
   — машински инженери 8
   — електро инженери 4
   — професори по математика 2
3. ШКОЛА ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ
   — професори по право 2
   — професори по статистика 1
   — професор за социјална мед. и психопаталогија 1
4. ЕКОНОМСКА ШКОЛА
   — професори по книговодство 4
   — професор по право 1
5. ШКОЛА ЗА МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ
   — професор по англиски јазик 1
   — професор по историја 1
   — професор по паталогија, фармалогија и интерни 1
6. ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО"
   — професор по историја и државно уредување 1
7. УЧИТЕЛСКА ШКОЛА „НИКОЛА КАРЕВ"
   — професори по математика 2
8. ГИМНАЗИЈА „ЦВЕТАН ДИМОВ"
   — професор по македонски јазик 1
   — професор по историја 1
   — професор по друштвено уредување на ФНРЈ 1
9. АЛБАНСКА УЧИТЕЛСКА ШКОЛА
   — професор по француски јазик 1
   — професор по хемија 1

10. СРЕДНА МУЗИЧКА ШКОЛА
— професори по клавир 2
— професори по виолина 4
— професор по корепетирање 1
— професор по кларинет 1
— професор по труоа и хорна 1
11. ШКОЛА ЗА САНИТАРНИ ТЕХНИЧАРИ
— професор по микробиологија 1
— професор по хигиена и хигиенска заштита 1
12. МАЈСТОРСКА ШКОЛА
— машински инженери 1
13. ШКОЛА ЗА ФАРМАЦЕУТСКИ ТЕХНИЧАРИ
— професор по фармацеутска група предмети 1
— професор по германски јазик 1
14. УЧИЛИШТЕ ЗА ЗАБАРИ И ЗАБОТЕХНИЧАРИ
— професори по стоматалогија 2
15. БАЛЕТСКА ШКОЛА
— професор по корепетирање 1
16. ТИТОВСКА ШКОЛА
— професор по хемија 1
17. УЗУС „ДИМИТАР ВЛАХОВ"
— професор по политичка економија 1
18. ОСНОВНА ШКОЛА ЗА ВОЗРАСНИ „БЛАГОЈ ДАВКОВ"
— професор по политичка економија 1

Б. Места за кои е потребна висока или виша стручна спрема

Предмет математика

За град
— Основно училиште „Васил Главинов" 1
— Основно училиште „Даме Груев" 1
— Основно училиште „Кузман Питу" 1
— Основно училиште „Карпуш" 1
— Основно училиште „Кочо Рацин" 1
— Основно училиште „Благој Давков" 1
— Основно училиште „Доситеј Обрадовиќ" 1
— Основно училиште „Климент Охридски" 1
— Основно училиште „Стиф Наумов" 2
— Основно училиште „Кирил и Методи — Мацари 1
— Основно училиште „Моша Пијаде" 1
— Основно училиште „Тефејуз 1
— Училиште за возрасни „Александар Урдаревски" 1

За село
— Основно училиште с. Ракотинци 1
— Основно училиште с. Драчево 2
— Основно училиште с. Студеничани 1
— Основно училиште с. Петровец 1
— Основно училиште „Мирче Ацев" — Ѓорче Петров 1
— Основно училиште „Моша Пијаде" — Ѓорче Петров 1

Предмет физика — математика

За град
— УЗУС „Коце Металец 1
— Индустриско училиште 1
— Основно осумгодишно училиште „Кузман Шапкаров" 1
— Основно осумгодишно училиште „Владимир Назор" 1
— Основно осумгодишно училиште „Коле Неделков" 1
— Основно осумгодишно училиште „Карпуш" 1
— Основно осумгодишно училиште „Владо Тасевски" 1
— Основно осумгодишно училиште „Моша Пијаде" 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Драчево 1
— Основно осумгодишно училиште с. Зеленикoво 1
— Основно осумгодишно училиште с. Кучевиште 1
— Основно осумгодишно училиште с. Љубанци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Колонија 1
— Основно осумгодишно училиште с. Миладиновци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Рашче 1
— Основно осумгодишно училиште с. Кучково 1

Предмет физика

За град
— УЗУС „Димитрие Туцовиќ" 1
— Основно осумгодишно училиште „Даме Груев" 1
— Основно осумгодишно училиште „Гоце Делчев" 1
— Основно осумгодишно училиште „Стиф Наумов" 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Ракотинци 1

Предмет македонски јазик

За град
— Основно осумгодишно училиште „Васил Главинов" 1
— Основно осумгодишно училиште „Кузман Шапкарев" 1
— Основно осумгодишно училиште „Благоја Давков" 1
— Основно осумгодишно училиште „Никола Вапцаров" 1
— Основно осумгодишно училиште „Гоце Делчев" 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Ракотинци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Студеничани 1
— Основно осумгодишно училиште с. Кучевиште 1
— Основно осумгодишно училиште Колонија 1
— Основно осумгодишно училиште с. Кучково 1

Предмет српски јазик

За град
— Основно осумгодишно училиште „Климент Охридски" 1

Предмет шиптарски јазик

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Рашче 1

Предмет српски јазик

За село
— Основно осумгодишно училиште во с. Ракотинци 1

— Основно осумгодишно училиште во с. Драчево 1
— Основно осумгодишно училиште во с. Кучевиште 1
— Основно осумгодишно училиште во с. Љубанци 1

Предмет француски јазик

За град
— Основно осумгодишно училиште „Браќа Миладинови“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Иво Рибар Лола“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Моша Пијаде“ 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Ракотинци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Студеничани 1
— Основно осумгодишно училиште с. Љубанци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Кучевиште 1
— Основно осумгодишно училиште с. Кучково 1

Предмет турски јазик

За град
— Основно осумгодишно училиште „Тефејуз“ 1

Предмет историја

За град
— Основно училиште „Васил Главинов“ 1
— Основно училиште „Глигор Прличев“ 1
— Основно училиште „Кочо Рацин“ 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Ракотинци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Петровец 1
— Основно осумгодишно училиште „Мирче Ацев“ — Ѓорче Петров 1

Предмет историја — географија

За град
— Основно осумгодишно училиште „Кирил и Методи“ — Маџари 1
— Основно осумгодишно училиште „Лирија“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Александар Урдаревски“ 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Зелениково 1
— Основно осумгодишно училиште с. Кучевиште 1
— Основно осумгодишно училиште с. Љубанци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Кучково 1
— Основно осумгодишно училиште с. Рашче 1

Предмет географија

— Основно осумгодишно училиште „Ѓуро Салај“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Стив Наумов“ 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Ракотинци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Драчево 1
— Основно осумгодишно училиште с. Колонија 1
— Основно осумгодишно училиште „Мирче Ацев“ — Ѓорче Петров 1
— Основно осумгодишно училиште „Моша Пијаде“ — Ѓорче Петров 1

Предмет биологија

За град
— Основно осумгодишно училиште „Кузман Шапкаров“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Његош“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Лирија“ 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Драчево 1
— Основно осумгодишно училиште с. Студеничани 1

Предмет физика — хемија

За село
— Основно осумгодишно училиште „Моша Пијаде“ — Ѓорче Петров 1

Предмет биологија — хемија

За град
— Основно осумгодишно училиште „Моша Пијаде“ 1
— Учителско-домаќинска школа 1
— Основно осумгодишно училиште „Лирија“ 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Љубанци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Рашче 1

Предмет цртање

За град
— Основно осумгодишно училиште „Браќа Миладинови“ 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Ракотинци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Петровец 1

В. Места за кои е потребна виша или средна стручна спрема

Предмет музика

За град
— Учителска школа „Никола Карев“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Карпуш“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Гоце Делчев“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Климент Охридски“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Лирија“ 1

За село
— Основно осумгодишно училиште с. Зелениково 1

Предмет фискултура

За град
— Школа за медицински сестри 1
— Албанска учителска школа 1
— Техничка школа 1
— Трговска школа 1
— УЗУС „Коце Металец“ 1
— УЗУС „Димитрие Туцовиќ“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Васил Главинов“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Даме Груев“ 1
— Основно осумгодишно училиште „11 октомври“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Иво Рибар Лола“ 1

— Основно осумгодишно училиште „Гоце Делчев“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Доситеј Обрадовиќ“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Климент Охридски“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Кирил и Методи“ — Мацари 1
— Основно осумгодишно училиште „Лирија“ 1
— УЗУС „Никола Тесла“ 1

За село

— Основно осумгодишно училиште с. Ракотинци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Зелениково 1
— Основно осумгодишно училиште с. Петровец 1

Предмет музика и цртање

За село

— Основно осумгодишно училиште с. Кучевиште 1

Предмет цртање и фискултура

За село

— Основно осумгодишно училиште с. Миладиновци 1
— Основно осумгодишно училиште с. Рашче 1

Предмет политехничко образование — воспитание

За град

— Основно осумгодишно училиште „Васил Главинов“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Јане Сандански“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Даме Груев“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Кузман Шапкаров“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Браќа Миладиновци“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Глигор Прличев“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Ѓуро Салај“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Владимир Назор“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Иво Рибар Лола“ 1
— Основно осумгодишно училиште „К. Ј. Питу“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Коле Неделковски“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Гоце Делчев“ 1
— Основно осумгодишно училиште „Кочо Рацин“ 1
— Пионерски дом „Иднина“ 1

За село

